Александар
СПАСЕНОВСКИ
Правен факултет
„Јустинијан Први“ –
Скопје

УДК 321.74: 342.4 (497.7)

# УСТАВНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА МАКЕДОНСКИОТ СОЦИЈАЛИСТИЧКИ МОДЕЛ НА СЕКУЛАРИЗАМ[1]

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Освртот кон уставно-правниот статус на религиите и на слободата на вероисповед во Македонија од 1945 до 1990 година е особено важен не само заради следењето на историскиот развој на овие теми, **туку и поради фактот што и денес во нашиот правен систем се присутни одредени елементи карактеристични за тој социјалистички период кои ја определуваат оригиналноста на македонскиот модел на секуларизам**.

Одговорите на споменатите прашања ќе се добијат преку анализа на начинот на кој биле регулирани тие во клучните уставни одредби, како и во примарните законски и подзаконските правни текстови што го регулирале прашањето на односот на државата кон верските организации, додека на крајот, врз основа на овие информации, се поместени заклучни согледувања за карактерот на секуларизмот во социјалистичка Македонија, односно во федеративна Југославија.

[1] Редакцијата на списанието „Историја“ одлучи овој труд, поради обемот, да биде објавен во два дела, и тоа првиот дел во овој број, а другиот да биде вклучен во следниот број.

## 1.1. ПРАВЕН СТАТУС НА РЕЛИГИИТЕ И НА СЛОБОДАТА НА ВЕРОИСПОВЕД ДО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ПРВИОТ УСТАВ НА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

На донесувањето на првиот Устав на социјалистичка Македонија, како и на федеративна Југославија, во кои како дел од корпусот на човековите права и слободи се гарантира и слободата на вероисповед, му претходат два други документи, кои во историска смисла ги поставуваат правните основи во областа.

Станува збор за:

- **Прво**, Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија,[2] како и
- **Второ**, Законот за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост на претседателството на АВНОЈ.[3]

Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија **е првиот документ со кој се поставуваат основите на слободата на вероисповед** и, во таа смисла, односот кон верските организации. Декларацијата е донесена од членовите на првото заседание на АСНОМ кои се состануваат во манастирот Св. Прохор Пчињски на 2 август 1944 година, а во нивно име е потпишана од претседателот на Президимуот на АСНОМ, Методија Андонов-Ченто.

Во единаесетте точки на Декларацијата, членовите на АСНОМ ја позиционираат социјалистичка Македонија во групата демократски држави каде што *светоста на личноста е во центарот на интересот на властите преку гаранциите на правото на еднаквост, правото на сопственост, избирачкото право, правото на жалба, правата на националните малцинства, како и гаранциите за остварување на слободата на вероисповед*.

Во однос на темата на трудот, особено внимание предизвикуваат:

- **Прво**, точката 1 од Декларацијата, во која на граѓаните на федеративната македонска држава *им се гарантира правото на еднаквост и на рамноправност пред законите*

---

[2] *Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија* од 1944, Службен весник на федералната единица Македонија во демократска федеративна Југославија, бр. 1, год. I, Скопје, 18.2.1970 г., стр. 2.

[3] *Закон за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост на ДФЈ* од 1945 г., Службен лист на Демократска Федеративна Југославија, бр.: 36, Белград, 1945, 29.5.1945 г.

*врз повеќе основи, какви што се народноста, полот, расата, вклучително и вероисповедта*;

- **Второ**, точката 4, во која е предвидено дека на секој граѓанин му е загарантирана „*слободата на вероисповеданието и слободата на савеста*“,[4] како и
- **Трето**, точката 8 од Декларацијата, каде што се поместени ставови за правото на одбрана на Македонија, при што се констатира дека секој е должен да „*учествуе како војник во редовите на народно-ослободителната војска и партизанските одреди*“ независно од народноста, но и од верата.[5] Споменатата точка може да се гледа низ призмата на генералните историски прилики поврзани со борбата на македонскиот народ за ослободување од фашизмот, но, истовремено, таа сведочи и за карактерот на тоа ослободување, во кое се признава заслугата во остварувањето на конечната цел на сите граѓани за слободна Македонија независно од нивната етничка или верска припадност.

Законот за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост[6] го донесува Претседателството на АВНОЈ на 24 мај 1945 година, а негово изменување и дополнување е направено во јули 1946 година.[7]

Целта на овој Закон вообличена во неговите 7 члена се сведува на две заложби:

- **Прво**, заложба за заштита на националните и на верските слободи и права на граѓаните на федеративна Југославија, како и
- **Второ**, осигурување на рамноправноста на граѓаните независно од нивната национална или верска припадност.

Низ призмата на дефинираните цели, со овој Закон најостро се санкционира секој обид за нарушување на националната, расната и верската рамноправност меѓу граѓаните на федеративна Југославија. Во зависност од тежината на делото, во членовите 3 и 4 од Законот се

---

[4] *Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија* од 1944 г.

[5] *Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија* од 1944 г.

[6] *Закон за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост на ДФЈ* од 1945 г.

[7] *Закон за потврда на измени на законот за забрана на предизвикување национална, расна и верска омраза и раздор на ДФЈ*, Службен лист на Федеративна Народна Република Југославија, год. II, бр. 56, Белград, 12.6.1946 г., 645-646.

предвидени и санкции, а опсегот се движи од казна затвор сè до смртна казна.[8] Во оваа смисла, имајќи ги предвид идеолошките основи на социјалистичкиот систем, во согласност со членот 5 од Законот, научната критика на религијата и, воопшто, критиката на неисправната работа на верските претставници и на црковните службеници нема да се смета за предизвикување верска омраза.[9]

### 1.2. УСТАВОТ НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ОД 1947 ГОДИНА

Во Уставот на Федеративна Народна Република Југославија[10] (ФНРЈ), кој е донесен на 31 јануари 1946 година, се наведени 5 члена во врска со статусот на верските организации и на слободата на вероисповед. Во конкретна смисла, во главата V од Уставот со наслов „Права и должности на граѓаните", уставотворецот оваа област ја разработува во членовите што се однесуваат на прашањата на:

- **Прво**, еднаквоста на граѓаните;
- **Второ**, избирачкото право;
- **Трето**, слободата на совеста и на вероисповедта;
- **Четврто**, заштитата на семејството, како и
- **Петто**, правото на образование.

Прашањето на еднаквоста на граѓаните, кое е регулирано со членот 21 од Уставот, е на линијата на меѓународните стандарди. Уставотворецот правно го санкционира тежнението на државата за еднаквост и рамноправност на граѓаните пред законот независно од народноста, расата, како и вероисповедта. Во оваа насока, дополнителна разработка следува во ставот 2 од овој член, каде што државата предвидува дека не им се признаваат никакви привилегии на граѓаните по ниту една основа, што аналогно се однесува и на припадноста на одредена вероисповед, како и во ставот 3, каде што во првиот дел е дефинирано дека е спротивно на Уставот и, во таа смисла, подлежи на казна секоја постапка со која на граѓаните им се даваат привилегии или им се ограничуваат правата базирани на основите спомената во ставот 1 од овој член, во кои влегува и вероисповедта. На крајот од овој став, пак, се систематизирани делови

[8] *Закон за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетрпеливост на ДФЈ* од 1945 г.
[9] *Закон за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетрпеливост на ДФЈ* од 1945 г.
[10] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г., Службен лист на Федеративна Народна Република Југославија, год. II, бр. 10, Белград, 1.2.1947 г., 73-94.

од членовите 3 и 4 од споменатиот Закон за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост[11] од 1945 година со кои се казнува секој облик на проповедање национална, расна или верска омраза и раздор.[12]

Во членот 23 од Уставот се поместени одредби во однос на остварувањето на избирачкото право на граѓаните. Во одредбата се констатира дека сите граѓани што навршиле 18 години старост имаат право да избираат и да бидат избирани во сите органи на државната власт независно од повеќе критериуми, како што се расата, полот, степенот на образование, вклучително и вероисповедта.

Во членот 25 од Уставот е определен односот на ФНРЈ кон прашањето на слободата на совеста и на вероисповедта. Државата во ставот 2 им ги гарантира овие права на граѓаните врз основа на начелото на секуларизам, односно на одвоеноста на верските организации од државата, при што се впушта во негова конкретна разработка во следниот став 3, која се сведува на 3 заложби:

- ❖ **Прво**, се предвидува дека верските организации, чиешто учење не се противи на Уставот, се слободни во своите верски работи и во вршењето на верските обреди;
- ❖ **Второ**, се дозволува правото верските организации да формираат верски училишта за подготовка на свештеници кои се под надзор и контрола на државата и
- ❖ **Трето**, имајќи го предвид искуството помеѓу двете светски војни, кога дел од црквите и верските организации во Југославија беа инволиврани во политичкиот живот на државата, уставотворецот ги забранува злоупотребата на црквата или на верата во политички цели и постоењето на политички организации на верска основа.

Во последниот став 5 од овој член државата и правно го санкционира правото материјално да ги помага верските организации.

Во членот 26 од Уставот, кој се однесува на бракот и на семејството, уставотворецот дополнително го развива принципот на секуларизам, овој пат во однос на прашањето на полноважноста на бракот. Имено, наспроти она што е практикувано во минатото, како што ќе видиме подолу во текстот, областа се регулира во 2 дела:

- ❖ **Прво**, дека е полноважен само оној брак што е склучен пред државните органи (а не и пред органите на верските организации, б.н.) и

---

[11] *Закон за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост на ДФЈ* од 1945 г.

[12] Види: *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.

- **Второ**, дека граѓаните имаат право да извршат венчавање во согласност со верските прописи на верските организации, но само откако ќе го направат истото пред државните органи.

Во членот 38 од Уставот, кој се однесува на правото на образование, како и во членот обработен претходно, државата ја прекинува ваквата врската на верските организации со јавното образование со нормата дека училиштето е одвоено од црквата.

### 1.3. УСТАВОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 1947 ГОДИНА

Во Уставот на Народна Република Македонија[13] (НРМ), кој е донесен на 31 декември 1946 година, се поместени 7 члена во врска со прашањата за статусот на верските организации и за слободата на вероисповед. Во конкретна смисла, 5 члена од македонскиот највисок правен акт непосредно се однесуваат на оваа област, додека 2 члена имаат посреден однос.

Во однос на првата група членови, уставотворецот на социјалистичка Македонија *на ист начин, во иста форма и со ист текст ги пресликува соодветните одредби од Уставот на федеративна Југославија*. Имено, во главата V со наслов „Права и должности на граѓаните“ се пресликани следните одредби од Уставот на ФНРЈ:

- **Прво**, од членот 21 на Уставот на ФНРЈ[14] во членот 20 на Уставот на НРМ,[15] кој се однесува на еднаквоста на граѓаните;
- **Второ**, од членот 23 на Уставот на ФНРЈ[16] во членот 22 на Уставот на НРМ,[17] кој се однесува на избирачкото право;
- **Трето**, од членот 25 на Уставот на ФНРЈ[18] во членот 24 на Уставот на НРМ,[19] кој се однесува на слободата на совеста и на вероисповедта;
- **Четврто**, од членот 26 на Уставот на ФНРЈ[20] во членот 25 на Уставот на НРМ,[21] кој се однесува на заштитата на семејството, како и

---

[13] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947, Службен весник на Народна Република Македонија, год.: III, бр. 1, Скопје, 1.1.1947 г., 8-40.
[14] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г..
[15] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947 г.
[16] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.
[17] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947 г.
[18] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.
[19] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947 г.

- **Петто**, од членот 38 на Уставот на ФНРЈ[22] во членот 37 на Уставот на НРМ,[23] кој се однесува на правото на образование.

Наспроти споменатите, значајни се и членовите 12 и 49, кои *во посредна смисла се однесуваат на слободата на вероисповедта и на статусот на верските заедници*. Имено, првиот член се однесува на *правата на малцинските заедници*, додека вториот на *правата на граѓаните на другите републики од ФНРЈ кои живеат во НРМ*. Во согласност со овие одредби, уставотворецот ја предвидува можноста националните малцинства да ја уживаат „заштитата на својот културен развиток и слободната употреба на својот јазик", додека граѓаните на другите републики на ФНРЈ „на територијата на НРМ уживаат еднакви права како и нејзините граѓани". Во оваа насока, согледувајќи дека под категоријата „заштита на својот културен развиток", гледано во екстензивна смисла, може да се подведе и слободното изразување на вероисповедта, како и афирмацијата на религискиот идентитет, уставотворецот на НРМ остава простор овие права да се остваруваат и од страна на националните малцинства, како и од страна на припадниците на другите народи на ФНРЈ кои живеат во социјалистичка Македонија.

### 1.4. ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ОД 1951 ГОДИНА

Законот за правната положба на верските заедници[24] од 1951 година е првиот правен акт во ФНРЈ со кој се регулираат прашањата поврзани со положбата на верските организации и остварувањето на верските слободи и права на граѓаните на Југославија, а со тоа и на Македонија. Последното е врз основа на член 46 од Уставот на ФНРЈ,[25] според кој сојузните закони важат на целата територија на федеративна Југославија, при што во случај на несогласност меѓу сојузните закони и законите на републиките, се применуваат сојузните закони.

---

[20] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.

[21] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947 г.

[22] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.

[23] *Устав на Народна Република Македонија* од 1947 г.

[24] *Закон за правната положба на верските заедници на ФНРЈ* од 1953 г, Службен лист на Федеративна Народна Република Југославија, год. XIX, бр. 22, Белград, 27.5.1953 г., 209-210.

[25] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.

Законот за правната положба на верските заедници се донесува врз основа на членот 71 точка 2 од уставниот закон на ФНРЈ за основите на општественото и политичкото устројство на ФНРЈ и за сојузните органи на власта.

Законот е усвоен од страна на Сојузното собрание на ФНРЈ и на Собранието на народите на ФНРЈ на заседанијата одржани на 22 мај 1953 година.

Законот се состои од 23 члена и е поделен на 4 дела, од кои:

- **Првиот дел** се однесува на општите одредби;
- **Вториот дел** се однесува на вршењето на верските обреди;
- **Третиот дел** се однесува на вршењето на верската настава и
- **Четвртиот дел** се однесува на завршните одредби.

Во дванаесетте члена кои се однесуваат на *општите одредби* се дефинираат генералните аспекти на кои се однесува Законот и се поставуваат рамките преку конкретизација на одредбите од Уставот на ФНРЈ од 1946 година поврзани со статусот на религиите и остварувањето на верските слободи и права на граѓаните.

Во членот 1, во малку видоизменета форма се пресликани одредбите од членот 25 од Уставот на ФНРЈ кој се однесува на слободата на совеста и на вероисповедта. Во оваа смисла е предвидено дека на граѓаните на ФНРЈ им се гарантира слободата на совеста и слободата на вероисповедта, при што во следниот став се утврдува дека граѓаните на ФНРЈ можат да ѝ припаѓаат на која и да било вероисповед или на која и да било верска организација, односно да не припаѓаат на ниту една вероисповед или верска организација. Во последниот став, пак, од овој член е поместена одредбата дека исповедањето на верата претставува приватна работа на граѓаните.

Во членот 2 од Законот е предвидено дека граѓаните можат слободно да основаат верски организации, при што е утврдено дека сите вероисповеди уживаат еднакви права и сите верски организации имаат иста правна положба. Во последниот став од овој член се санкционира дека верските организации мора да ја остваруваат својата дејност во согласност со Уставот на ФНРЈ и со соодветните закони.

Во првиот став од членот 3 на Законот е определено дека верските организации се слободни во вршењето на верските работи и верските обреди, при што во ставот 2 се предвидува дека истите можат да издаваат и да растураат верски печат. При остварувањето на ова право, верските организации, според Законот, се должни да се

придржуваат доприписите на ФНРЈ кои се однесуваат на средствата за јавно информирање.

Во членот 4 од Законот дополнително се разработува ставот 5 на членот 38 од Уставот на ФНРЈ, кој во однос на правото на образование предвидува дека училиштата се одвоени од црквата. Во оваа насока, во ставот 2 од овој член, кој претставува дополнителна разработка на оваа почетна премиса, е предвидено дека верската настава (катихезацијата) во црквите, храмовите, односно во другите простории што се определени за тоа од страна на регистрираните верски организации е слободна. Во третиот став од овој член, во насока на дополнителна разработка на правото на верските организации да организираат верска настава, е предвидено дека истите можат слободно да основаат одделни верски училишта (нецелосни средни, средни и виши школи) за подготвување свештеници и да управуваат со тие верски училишта.

Членот 5 од Законот претставува конкретизирање на ставот 4 на членот 25 од Уставот на ФНРЈ, кој се однесува на забраната на злоупотреба на религијата во политички цели. Имено, се констатира дека се забранува злоупотреба на верските работи, верската настава, верскиот печат, верските обреди и на други манифестации на верските чувства на граѓаните во политички цели. Исто така, на линија на одредбите од Законот за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост од 1945 година[26] е санкционирана и забраната за предизвикување верска нетрпеливост, омраза и раздор, додека во последниот став, пак, определувајќи ги границите на верската слобода, законодавецот предвидел дека е забрането да се попречуваат верските собири, верската настава, верските обреди или другите манифестации на верските чувства на граѓаните.

Во членот 6 од Законот се поместени одредби кои ги определуваат границите на односот на граѓаните со верските организации. Во таа насока, во ставот 1 е предвидено дека никој не може на кој било начин да биде присилен да стане член на некоја верска организација, да остане член на таквата организација или да истапи од неа. Во ставот 2, пак, законодавецот предвидува дека никој не може на кој било начин да биде присилен да учествува во верски обреди, процесии и други манифестации на верските чувства. Во следните два става од овој член се предвидува и дека никој не може да им забрани на граѓаните да учествуваат во верските обреди и во

[26] *Закон за забрана за предизвикување на национална, расна и верска омраза и нетпреливост на ДФЈ* од 1945 г.

другите манифестации на верските чувства и дека никој не може да присили член на верска организација да не ги користи правата што му припаѓаат како граѓанин во согласност со Уставот и со законите.

Во членот 7 од Законот се разработени одредбите од членот 21 на Уставот, кои се однесуваат на еднаквоста на граѓаните. Во таа смисла, низ призмата на спомнатите уставни одредби, ваквата заложба се отсликува во три дела:

- **Прво**, се констатира дека на граѓаните не може да им биде ограничено остварувањето на определени права и обврски што им припаѓаат поради нивните верски убедувања, поради припадноста на некоја вероисповед или на некоја верска организација или поради учеството во вршењето на верските обреди и други манифестации на верските чувства.
- **Второ**, предвидено е и дека верските организации, нивните свештеници, верските претставници или припадниците на некоја вероисповед не можат да уживаат одделни предимства, привилегии или одделна заштита.
- **Трето**, припадноста на одредена вероисповед или исповедањето одредена вера не ослободува никого од општите граѓански, воени или други должности што мораат да се извршуваат врз основа на законите.

Членот 10 од Законот ја следи логиката на членот 26 став 2 од Уставот на ФНРЈ,[27] кој се однесува на прашањето на полноважноста на бракот. Во оваа смисла, надворзувајќи се на уставната одредба дека е полноважен само оној брак што е склучен пред надлежните органи на државата, законодавецот предвидува дека одлуките на верските организации во брачните спорови и во предметите од дисциплински карактер, како и другите нивни одлуки немаат дејство надвор од верската организација.

Во членот 11, пак, се операционализира ставот 5 од членот 25 на Уставот на ФНРЈ,[28] во согласност со кој државата има право материјално да ги помага верските организации. Ваквата операционализација се врши во три дела:

- **Прво**, преку дефинирање на постапката за остварување на ваквата заложба, во согласност со која Сојузниот извршен совет и републичките извршни совети се институциите што ги носат овие одлуки;

[27] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.
[28] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.

- **Второ**, преку оставањето на можноста споменатите тела со одлуката за материјална помош на верските организации да ја определат и целта за која се однесува односната помош или одреден дел од истата;
- **Трето**, преку дефинирање на правата на државата, како и на должностите на верските организации во овој дел, во согласност со кои е определено дека верските организации самите располагаат со доделените материјални средства, а ако помошта е дадена за определена цел, државата има право да побара црквите и верските организации да поднесат извештај за употребата на доделените средства.

Во петте члена од *втората глава* на Законот попрецизно се определуваат рамките на вршењето на верските обреди од страна на верските организации.

Во членот 14 законодавецот определува дека крштевањето и актот на обрежување на малолетни лица може да се изврши единствено по барање на еден од родителите, односно на старателот, при што се констатира дека доколку малолетното лице е постаро од 10 години, е потребна и негова согласност. Со последното законодавецот, предвидувајќи уште еден нов услов за да се изврши еден верски чин, дополнително ја усложнува постапката, и така, како што ќе покаже и практиката, се поставува уште една сериозна пречка која ги оневозможува граѓаните во полн обем да ги остварат своите верски слободи и права.

Членот 15 од овој Закон се однесува на прашањето на венчавањето, како и на чинот на крштевање. Овој член, како и во случајот со членот 10 од овој Закон кој се однесува на полноважноста на бракот, ја следи логиката на ставот 2 на членот 26 од Уставот на ФНРЈ.[29] Имено, преточувајќи ја соодветната уставна одредба според која венчавањето во согласност со верските обреди може да се изврши откако ќе се случи бракот пред надлежниот државен орган, се предвидува и дека чинот на крштевање може да се спроведе откако ќе се изврши запишувањето на односното лице во матичната книга на родените.

Во следните два члена се предвидени уште две околности кои се однесуваат на предметот на овој Закон:

- **Прво**, во членот 16 се констатира дека лицата што се наоѓаат во болници, домови за стари лица, интернати и во други установи можат во границите на куќниот ред да

[29] *Устав на Федеративна Народна Република Југославија* од 1947 г.

вршат исповедање на сопствената вера и да бидат посетени од свештеник, како и

- **Второ**, во членот 17 е определено дека ѕвоната на црквите и на храмовите, како и црковните згради можат да се употребуваат и за ѕвонење во случај на општа опасност (пожар, поплава и слично), при што е санкционирано дека верскиот претставник кој управува со црковните згради нема право да одбие ѕвоната да се употребат во таков случај.

Во трите члена од *третата глава* попрециозно се регулира прашањето на верската настава. Споменатите членови ја следата логиката на членот 25 од Уставот на ФНРЈ, со кој им се овозможува правото на верските организации да формираат верски училишта за подготовка на свештеници кои се под надзор и контрола на државата, како и ставот 5 на членот 38 од Уставот на ФНРЈ, со кој се санкционира дека училиштето е одвоено од црквата.

Во *последната глава* од Законот, која се однесува на завршните одредби, во 4 члена се дефинирани прашањата поврзани со повредата на овој Закон, како и неговото стапување во сила.

### 1.4.1. УРЕДБАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ОДДЕЛНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ОД 1961 ГОДИНА

Законот за правната положба на верските заедници од 1951 година донесен од страна на сојузните органи на ФНРЈ се применува без каква било дополнителна разработка или допрецизирање сѐ до 1961 година, кога Извршниот совет на НРМ, врз основа на членот 23 од истиот Закон, според кој републичките извршни совети ќе се погрижат за неговото извршување, а по потреба и ќе донесуваат поблиски прописи на 21 јуни 1961 година, донесува Уредба за извршување на одделни одредби од Законот за правната положба на верските заедници.[30]

Со споменатата Уредба дополнително се допрецизираат:

- **Прво**, ставот 2 на членот 12 кој се однесува на собирањето прилози;

[30] *Уредба за извршување на одделни одредби од законот за правната положба на верските заедници*, Службен весник на Народна Република Македонија, год. XVII, бр. 26, Скопје, 31.7.1961 г., 401-403.

- **Второ**, членот 13 кој се однесува на јавните простории за вршење на верските обреди, на самиот чин на вршењето на обредите, како и на прашањето кои лица можат да ги извршуваат споменатите верски процесии;
- **Трето**, членот 14 кој се однесува на актот на крштевањето, односно на актот на обрежувањето, како и
- **Четврто**, членот 4 и членот 19 кои се однесуваат на прашањата поврзани со вршењето на верската настава и правата на родителите и на малолетникот во однос на споменатото прашање.

На крајот од Уредбата се поместени казнените одредби.

Со Уредбата за извршување на одделни одредби од Законот за правната положба на верските заедници, властите на НРМ навлегуваат во натамошно нормирање на одредени области поврзани со религијата, со што дополнително го отежнуваат функционирањето на верските организации, а со тоа и остварувањето на слободата на вероисповед. Имено, тоа се постигнува преку одредбите со кои:

- **Прво**, се предвидува инволвирање на републичките органи во давањето одобренија за извршување на одредени верски чинови, на верските организации сериозно им беше отежнат просторот за дејствување;
- **Второ**, се условува собирањето материјални прилози од страна на црквите и на верските организации врз основа на одобрение од соодветен орган на управата задолжен за вршењето на внатрешните работи;
- **Трето**, странски државјани можат да вршат верска настава во високообразовните институции на верските организации единствено врз основа на добиено одобрение од органот на управата задолжен за вршењето на внатрешните работи
- **Четврто**, само верски лица одредени од надлежниот орган на верската организација можат да вршат верска настава;
- **Петто**, за посетување верска настава од страна на малолетник е потребно писмено одобрение од двајцата родители, односно од старателот, доставено до верската организација, како и усна согласност од страна на малолетникот.
- **Шесто**, за спроведување на верскиот чин крштевање/ обрежување, малолетникот е обврзан да даде јавна согласност.

Aleksandar SPASENOVSKI

# CONSTITUTIONAL AND LEGAL FEATURES OF THE MACEDONIAN SOCIALIST MODEL OF SECULARISM

*- s u m m a r y -*

In this essay, the author analyzes the proper constitutional and legal provisions in Socialist Macedonia that refer to the relations among the state and the religious organizations as well as the freedom of religious belief. The major intention is to clarify the nature of the Macedonian socialist form of secularism to further recognize the contemporary relations of the state with the religious organizations.